Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-2080/2
20.07.2021
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-13/3 од 05.10.2020 година, министерот за правда м-р Бојан Маричиќ ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за измена на Одлуката за јавна набавка за Привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година**

1. Се менува Одлуката за јавна набавка за Привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година број 05-2080/1 од 16.07.2021 година во точките 2 и 3 и истите ќе гласат:

   „ 2. За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства во износ од 4.150.000,00 денари без ДДВ.
   Средствата се обезбедени од Буџетот на министерството за правда за 2021 и 2022 година.
   Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 427.

   „3. **Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка**
   Јавната набавка од точка 1 на оваа одлука, ќе се спроведе согласно член 49 од Законот за јавна набавка, односно со спроведување на - поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги - Набавка услуга за користење на услуги за привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година, со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), согласно Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), која завршува со електронска аукција како последна фаза.

2. Во останатиот дел Одлуката за јавна набавка за Привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година број 05-2080/1 од 16.07.2021 година останува непроменета.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
1828

# ОДЛУКА
## За јавна набавка

1. За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе отворена постапка за јавна набавка на услуги и тоа: **Привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година** .

**1.1 Предмет (вид) на набавка:**

**Привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година.**

**1.2 Предметот на набавката е делив на делови и тоа:**

Дел 1: Ангажирање на тројца посебни советници во кабинетот на министерот и

Дел 2 : Ангажирање на 11 (единаесет) лица од различни профили и различен степен на образование.

2. За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства во износ од 4.150.000,00 денари без ДДВ.

Средствата се обезбедени од Буџетот на министерството за правда за 2021 и 2022 година.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 427.

3. **Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка**

   Јавната набавка од точка 1 на оваа одлука, ќе се спроведе согласно член 49 од Законот за јавна набавка, односно со спроведување на - поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги - Набавка услуга за користење на услуги за привремени вработувања од Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за правда за 2021/2022 година, со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), согласно Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), која завршува со електронска аукција како последна фаза.

4. Критериум за избор на најповолен понудувач, согласно член 99 е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведување на електронската аукција преку ЕСЈН.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

5. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

6. Плаќањето ќе биде вирмански, по извршување на услугата која е предмет на набавка во законски утврдениот рок од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерството за правда.

7. За целосна реализација на постапката се формира Комисија за јавни набавки при Министерството за правда во состав:
   Претседател: Петар Мирковиќ
   Членови: Снежана Поповска Зечевиќ
   Маја Маљановска

   Заменик претседател: Ацо Живковски
   Заменици на членови: Адријана Ќрасниќ
   Мирјана Јаковлевска

8. Се задолжува комисијата од точка 7 од оваа одлука во целост да ја спроведе и реализира постапката за јавна набавка со додавање на договор за јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавните набавки набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.).

9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиниот донесување.

## О Б Р А З Л Ж Е Н И Е

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предметот на набавката е делив на делови и тоа:

Дел 1: Ангажирање на тројца посебни советници во кабинетот на министерот

Дел 2:Ангажирање на 11 (единаесет) лица од различни профили, степен на образование

За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства во износ од 4.150.000,00 денари без ДДВ.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2021 и 2022 година.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 427–договорни услуги.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification